РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-3224/1
10-11-2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по основ на анонимна пријава, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 41-та седница одржана на ден 30.10.2026 година ја донесе следната

ОДЛУКА

Постапката по предмет со бр. 08-5769/1 од 25.12.2019 година СЕ ЗАПИРА.
Предметот со бр. 08-5769/1 од 25.12.2019 година да се затвори и да се архивира.
Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со бр. 08-5769/1 од 25.12.2019 година е оформен врз основа на анонимна пријава против _____, ректор на _____. Пријавата се однесува на дополнителни приходи остварени по основ на хонорари кои горенаведеното лице ги нема пријавено во анкетниот лист.
Со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК прибави податоци за имотот на _____и за членовите на неговото семејство со кои живее во заедничко домаќинство. Податоците се побарани од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност, Централниот регистар на Република Северна Македонија и Министрство за финансии – Сектор за трезор.

По анализа на прибавените податоци и нивно споредување со податоците од анкетниот лист на _____, ДКСК констатира дека во анкетниот лист ги нема пријавено Друштво за _____, основана на _____година,

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

сопственост на неговиот син _____, како и _____ каде _____ е овластено лице.

Со оглед на тоа дека _____е разешен од функцијата на _____ година согласно законот за прекршоците не може да му се изрече прекршочна санкција.

Во однос на дополнителните приходи остварени по основ на хонорари, согласно член 82 став 2 и член 85 од ЗСКСИ, лицето немало обврска да ги пријави, од причина што во моментот на стекнување на приходот истиот не го надминува износ од дваесет просечни нето плати во претходниот тримесечен период.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: м-р Н.Т.-М., раководител на одделение
Согласен: К.З., раководител на сектор
Одобрил: м-р К.З., член на ДКСК